ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА
ОСИГУРУВАЊЕ

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

# КЛАСА 7 - ОСИГУРУВАЊЕ НА СТОКА ВО ПРЕВОЗ (КАРГО)

# СПЕЦИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ПРЕНОС И ПРЕВОЗ НА ПАРИ

Со овие услови се осигурува превозот на пари, валути, благородни метали, реткости, филателистички збирки и хартии од вредност, од моментот кога благајникот, т.е. лицето што врши пренос, возилото или специјалното возило ќе ги преземе осигурените предмети се до предавањето во определеното место, т.е. додека трае ризикот на осигуреникот.

Сумите на осигурување се утврдуваат во зависност од начинот на превозот и обезбедувањето, и тоа:
Осигуреникот е должен да ги презема сите заштитни и превентивни мерки за сигурен превоз на пратката и тоа:

1. Пренос на пратки до 10.000 ЕУР во денарска противвредност по пратка, од овластено лице со одење пеш, користење на јавен превоз или самиот е возач;
2. Пренос на пратки од 10.000 - 50.000 ЕУР во денарска противвредност по пратка, од овластено лице со придружник со специјална пломбирана торба, пешки, во јавен превоз или возило;
3. Пренос на пратки од 20.000 - 50.000 ЕУР во денарска противвредност по пратка, од овластено лице со еден вооружен придружник од кои едниот е возач, со користење на моторно возило при превозот;
4. Пренос на пратки од 50.000 - 300.000 ЕУР во денарска противвредност по пратка, со блиндирано моторно возило, а транспортот се врши со две вооружени лиценцирани лица од кои едното може да биде возач:
5. Пренос на пратки од 300.000 - 200.000 ЕУР во денарска противвредност по пратка, со блиндирано моторно возило со монтиран аудио уред или мобилен уред за комуникација, а транспортот се врши со две вооружени лиценцирани лица од кои едното може да биде возач;
6. За пратки со вредност над 2.000.000 ЕУР по пратка, со блиндирано моторно возило со две вооружени лиценцирани лица од кои едното може да биде возач, во придружба на уште едно возило со најмалку две вооружени лиценцирани пратители;
7. Моторните возила треба да се технички исправни и да се движат по одредена маршута, да не застануваат без службена потреба и да се опремени со исправни противпожарни апарати;
8. Секоја пратка мора да биде спакувана во специјални безрабни јутени, огноотпорни вреќи, или прломбирани куфери;
9. Ако пратката се превезува со друг превозник или пошта треба да има третман на вредносна пратка, да се декларира на правата вредност и да се обезбеди вооружена придружба;

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

10. Превозот од и до аеродромите и трезорите да го врши со транспортер (блиндирано возило) и вооружена придружба;
11. Да ја чува тајноста на пратките, согласно Правилникот на Осигуреникот кој му е врачен на Осигурувачот.

Ако Осигуреникот целосно не ги изврши обврските од овој член, осигурителното покритие и правото за надомест на штета се лимитира до висина на стварно извршеното обезбедување, без оглед што пратката имала поголема вредност.